Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I SHKENCAVE NATYRORE
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-470/3
03.11. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 77-и став (4) од Законот за културата (,,Службен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 21 точка 12, како и член 28 став 2 точка 5 од Статутот на Националната установа Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје, на предлог на Директорот, Управниот одбор на установата, го донесе следниот :

ПРАВИЛНИК

за формата на содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодување

I.Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување на давателите на јавни услуги во културата, за категориите Ѓ1 и Ѓ2 како и начинот на нивното бодување во Националната установа Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје (во натамошниот текст:Музејот)

II. Форма и содржината на интерниот оглас

Член 2

Интерниот оглас за унапредување на давател на јавна услуга во културата во Музејот се објавува на огласната табла и истиот ги содржи следниве податоци.

- назив на установата,
- основ за објавување на интерниот оглас,
- број на интерниот оглас,
- за секое различно огласено работно место во огласот: реден број, шифра, назив и број на извршители,
- за секое огласено работно место во огласот: посебни услови утврдени во актот за систематизацијата на работните места во Музејот,
- информаци за начинот и рок за доставување на пријавата за унапредување,
-

III. Форма и содржина на пријавата за унапредување

Член 3

(1) Пријавата за унапредување на давател на јавна услуга во културата во Музејот ги содржи следниве податоци:

1. Податоци за огласот :
   - број на интерниот оглас
   - реден број на работно место за кое се пријавува.

2. Лични податоци :
   - име и презиме,
   - датум и место на раѓање,
   - пол,
   - националност,
   - адреса на живеење (улица, број и место на живеење),
   - контакт телефон (мобилен, фиксен)
   - e-mail адреса.

3. Податоци за исполнување на посебните услови;

   - степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС,
   - вид на образование (образовна институција, насока),
   - држава на завшување на образованието
   - работно искуство,
   - работно место на кое е распореден
   - докази за постигнати стручни усовршувања, диплома, сертификати или други документи кои се во интерес на работното место,
   - други услови утврдени во актот за систематизацијата на работни места во Музејот,

4. Податоци за оценување на ефектот на давателот на јавна услуга во културата во последната година пред објавување на интерниот оглас.
5. Податоци за изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.
6. Податоци за звањето на давателот на јавна услуга, односно за работното место на кое е распореден давателот на јавна услуга и датум од кога.
   - изјава за потврда на веродостојноста на податоците содржани во пријавата и напомена дека кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификуван од натамошна постапка
   - датум на поднесување на пријавата
   - потпис на кандидатот

(2) Пријавата од став (1) на овој член е дадена во Прилог број 1 и е составен дел на овој Правилник.

IV. Начин на спроведување на селекцијата за унапредување

Член 4

За започнување на постапката за унапредување на давател на јавна услуга во културата, Директорот на Музејот врз основа на одобрен Годишниот план за вработување во односната година и врз основа на претходно добиена согласност за обезбедени финансиски средства од Министерство за финанси, донесува одлука за пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас.

Член 5

(1) Давател на јавна услуга во културата во Музејот може да биде унапреден на работно место со повисоко звање, доколку:
- е вработен во Музејот,
- работно место за кое се унапредува е слободно,
- ги исполнува општите и посебните услови утврдени со актот за систематизација за

работното место за кое се врши унапредувањето,

- е оценет со оцена "4" или "5" при последното оценување на ефектот,
- да поминал минимум две години на работно место во рамки на иста категорија, во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, давателите на јавни услуги во културата од категоријата Д нивоа Д1 и Д2 можат да се унапредат во постапка на избор, односно, реизбор во стручни звања, согласно Законот за културата и законите од областа на заштита на културно наследство.

Член 6

(1) По објавениот интерен оглас, заинтересираниот давател на услуга поднесува пополнета пријава, кратка биографија и докази за податоците содржани во пријавата до архивата на установата.

(2) Пријавите можат да се поднесат во рок од 15 дена од објавувањето на огласот.

Член 7

(1) За спроведување на постапката за унапредување, директорот на Музејот, формира Комисија за селекција за постапка за унапредување на давател на јавна услуга во културата (во понатамошниот текст Комисија)..

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од три члена, претседател и два члена, како и нивни заменици.

(3) Претседателот на комисијата од ставот (2) на овој член ќе биде давател на јавна услуга во културата вработен во установата со највисоко изборно звање (кустос советник)/раководен давател на јавна услуга во културата вработен во установата, а членови се двајца даватели на јавна услуга во културата на најмалку исто ниво како на работно место кое се пополнува преку постапка за унапредување.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку нема давател на јавна услуга во културата вработен во установата со највисоко изборно звање (кустос советник) / раководен давател на јавна услуга во културата, односно нема вработени на најмалку исто ниво како работно место кое се пополнува преку постапка за унапредување, комисијата од ставот (1) на овој член ја сочинуваат било кои тројца вработени со статус на даватели на јавна услуга во културата во Музејот.

Член 8

Постапката за спроведување на селекцијата за унапредување на давател на јавна услуга во културата се состои од две фази и тоа :

- административни селекција и
- интервју.

Фаза 1 – административна селекција

Член 9

(1) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за унапредување со условите утврдени во актот за систематизацијата на работни места за работното место за кое е објавен интерниот оглас и проверка на приложените докази кон пријавата.

(2) Комисијата, во рок не подолг од 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидати, ги разгледува пријавите за унапредувањето со доставените докази, како и изводите од

персоналните досиеја на пријавните кандидати, со цел да се направи проверка дека кандидатите ги исполнуваат условите за унапредување.

(3) Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

Член 10

(1) По завршувањето на административната селекција, комисијата состанува записник, кој ги содржи следниве податоци: датум, место и време на одржување на административната селекција, број на огласот, датум на објава на огласот, за секое различно место од огласот: шифра и назив на работното место, број на извршители, податок за вкупен број на пријавени кандитати, број на неуредени кандидати, број на уредни кандидати, број на кандидати кои продолжуваат на интервју, како и име, презиме и потпис на претседателот и на членовите на комисијата од членот 6 став од овој правилник.

(2) Со записникот за секое различно работно место од оглас се приложуваат:
- име и презиме на секој неуреден кандидат и причина за неговата неуредонст, име и презиме на секој од уредните кандидати и листа на кандидати кои продолжуваат во следната фаза, со име и презиме, како и ден и час на одржување на интервјуто.

(3) Прилог од ставот (2) на овој член, веднаш по неговата подготовка, од страна на комисијата се доставува до директорот на Музејот, кој е должен веднаш да ги извести сите кандидати пријавени на интерниот оглас.

Фаза 2 – Интервју

Член 11

(1) Пред спроведување на интервјуто комисијата одржува подготвителен состанок на кој се определува формата и текот на интервјуто.

(2) На интервјуто може да се поставуваат прашања во усна или писмена форма или комбинација на двете форма.

(3) Интервјуто се состои од три категори на прашања за кои се доделуваат бодови за интервјурираниот кандидат и тоа:
- општи прашања, преку кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот на работно место, очекувањето на кандидатот од унапредувањето и сл;
- ситуациони прашања преку кои се проверуваат потребните општи работни компетенци за категоријата на која припаѓа работното место;
- стручни прашања или практични задачи, преку кои се проверуваат посебните работни компетенци од делокругот на работно место.

Член 12

(1) Максималниот број на бодови на интервјуто кои кандидатот може да ги освои е 30 бодови, односно најмногу 10 бода од општите прашања, најмногу 10 бода од ситуационите прашања и најмногу 10 бода од стручните прашања или практичните задачи.

(2) Бодови од ставот (1) на овој член се распоредуваат согласно дадените одговори на кандидатот и тоа според следните критериуми:
- за одговори од напредно ниво 10 бода,
- за одговори од средно ниво 5 бода и
- за одговори од основно ниво 2 бода.

Член 13

(1) Текот интервјуто се кординира од страна на претседателот на кој треба да обезбеди еднаков и фер однос кон сите кандидати.

(2) Претседателот на комисијата се грижи за поделбата на улогите на членовите на комисијата при спроведување на интервјуто.

(3) Секој член од комисијата за секој кандидат, пополнува формулар во кој ги внесува бодовите за одговорите на општите, ситуационите и стручните прашања.

(4) Бројот на добиени бодови за секој кандидат поединечно се добива од просекот на добиени бодови од сите членови на комисијата.

Член 14

(1) По завршувањето на интервјуто од страна на комисијата се составува записник кој ги содржи следните податоци: датум, време и место на одржување на интервјуто, број на оглас, датум на објава на огласот, за секое различно работно место: шифра и назив на работно место за кое се објавува интерниот оглас: шифра и назив на работно место, број на извршители, податок за вкупен број на интервјуирани кандидати, како и име, презиме и потпис на претседателот и на членовите на комисијата или нивните заменици.

(2) Кон записникот од ставот (1) на овој член, за секое различно работно место од огласот се приложуваат:

- податоци: име и презиме и освоените бодови од интервјуто за секој кандидат, потпишани формулари од сите членовите на комисијата.

Член 15

(1) По составувањето на записникот од член 13 став (1) од овој правилник врз основа на вкупно освоените бодови од интервјуто, за секое различно работно место од огласот подготвува финална ранг лист на интервјуирани кандидати и му го предлага прворангиранот кандидат на директорот на Музејот.

(2) Записникот и ранг листата, Комисијата ја доставува до директорот на Музејот во рок од три дена од завршувањето на интервјуто, заради донесување одлука за избор.

Одлука и решение/договор за избор за унапредување

Член 16

(1) Директорот на Музејот во рок од пет дена од добивањето на предлогот од членот 14 став (1) од овој правилник, е должен да донесе одлука за избор.

(2) Одлуката за избор од ставот (1) на овој член се доставува до кандидатите и се објавува на огласната табла на Музејот.

(3) Против одлуката за избор од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена од приемот да поднесе жалба до Управниот одбор на Музејот.

(4) Директорот на Музејот во рок од пет дена од конечноста на одлуката од ставот (1) на овој член донесува решение/договор за унапредување со избраниот кандидат, согласно законските одредби.

V. Завршна Одредба

Член 17

Овој Правилник може да се дополнува и изменува на начин и постапка која се применила при негово донесување.

Член 18

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од неговото донесување, односно објавување на Огласна табла на Музејот, а ќе се објави веднаш по усвојувањето од страна на Управниот одбор.

Претседател на Управен одбор
м-р Биљана Гаревска

Прилог број 1

ПРИЈАВА на оглас за унапредување во Националната установа Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје	
Податоци за огласот	
Број на интерен оглас	
Реден број на работно место во огласот за кое се пријавувате:	
Лични податоци	
Име и презиме	
Датум и место на раѓање	
Пол	
Националност	
Адреса на живеење: *внесете улица, број и место на живеење	
Контакт телефон	
e-mail адреса	
Податоци за исполнување на посебните услови	
Степен на образовние или стекнати кредити според ЕКТС	
Вид на образование: - образовна институција - насока	
Држава на завршување на образованието	
Работно искуство	
Работно место на кое е распореден и датум од кога	
Докази за постигнати стручни усовршувања, диплома, сертификати или други документи кои се во интерес на работното место	

Други услови утврдени во актот за систематизацијата на работни места во Музејот	
Оцена на ефектот на давателот на јавна услуга во културата во последната година пред објавување на интерниот оглас	
Изречена дициплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас	
Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на установата ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена на Нотар.	
НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисфалификува од натамошна постапка.	
Датум на поднесување на пријавата	
Потпис на кандидатот	

Согласен сум личните податоци во пријавата да се користат, почитувачки ги одредбите од Законот за заштита на лични податоци, исклучиво за цели на постапката на унапредувањето по пат на Интерен оглас во НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје.